РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА СПОРТ
MINISTRIA E SPORTIT
Бр.-Nr. 04-874/8
19-06-2025 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 10 и 45 став 1 од Закон за административни („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22, 208/24 и 259/24) и Предлог за вработување на кандидати по јавен оглас бр. 201/25 од Агенција за администрација бр. 10-852/7 од 17.06.2025 година, министерот за спорт на ден 19.06.2025 година, донесе:

# О Д Л У К А

## за избор кандидат за административен службеник по јавен оглас бр.201/25

1. За извршител на работно место УПР0101Г04000 Помлад референт за скенирање на документи за ДМС, Одделение за општи работи, Сектор за правни и општи работи се избира

   - Мартин Атанасовски, со идентификациски код **064СВ66**

2. Именуваниот ќе биде вработен на работното место од точка 1, по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе посебно решение за вработување.
3. Одлуката влегува во сила со денот на на објавувањето на одлуката на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрацијата.

## О б р а з л о ж е н и е

Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас формирана со решение од директорот на Агенцијата за администрација со архивски бр. 10-852/3 од 02.05.2025 година во функција на спроведување на постапка за вработување на административен службеник за извршување на работите од точка 1 на оваа одлука, а по јавниот оглас за вработување на административен службеник бр. 201/25 објавен на 26.04.2025 година објавен во дневните весници Коха, Нова Македонија и Вечер и на интернет страницата на Агенција за администрација, спроведе постапка за административна селекција, испит за административен службеник, проверка на веродостојноста на доказите и интервју.

По завршување на наведените постапки и добиените резултати, комисијата подготви единствена ранг листа и предлог кандидат за вработување на работно место УПР0101Г04000 Помлад референт за скенирање на документи за ДМС, Одделение за општи работи, Сектор за правни и општи работи, 1 (извршител).

Врз основа на предлогот, за вработување на кандидат, министерот за спорт изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

***Правна поука:*** *Против оваа одлука, за избор на незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрацијата.*

**МИНИСТЕР**
**Борко Ристовски**

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА СПОРТ - MINISTRIA E SPORTIT
Скопје - Shkup

Доставено до:

- Агенција за администрација
- СПОР/ОЧР
- Архива